До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање за мислење од страна на државниот секретар на Министерството за внатрешни работи.

Во барањето се наведува дека државниот секретар на Министерството за внатрешни работи, истовремено е и претседател на Здружението на граѓани „Македонски кошаркарски клуб Куманово“.

Дополнително, наведено е дека согласно член 6а од Законот за спорт, „Спортските клубови кои се натпреваруваат во највисокиот степен на натпревари во сениорска конкуренција, во спортови во кои се организира сениорски систем на натпревари во повеќе степени во фудбал, кошарка, ракомет и одбојка, се регистрираат како акционерски друштва, согласно Законот за трговски друштва. Согласно тоа, од страна на Собранието на спортскиот клуб донесени биле следните одлуки:
- Одлука за престанок на спортскиот клуб како здружение на граѓани заради основање на спортски клуб како трговско друштво и
- Одлука за основање на акцинерско друштво согласно член 9 ставови (1) и (4) од Законот за спорт.

Во врска со горенаведеното, државниот секретар на Министерството за внатрешни работи бара мислење дали може да ја спроведе трансформацијата на здружението на граѓани во акционерско друштво, како и дали по неговата трансформација ќе постои судир на интереси на функцијата државен секретар и претседател на АД Младински кошаркарски клуб Куманово, при што спортската функција ќе ја обавува доброволно и без паричен надоместок.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 – б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година и бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година, го издаде следното

**М И С Л Е Њ Е**

Согласно член 44 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Избрано или именувано лице за време на траењето на неговиот мандат е должно да ги почитува правилата за неспоивост на функција која ја врши со други функции или дејности утврдени во Уставот и законите“.

Став (5) од истиот член пропишува дека: „Избрано или именувано лице и одговорно лице во јавно претпријатие или друго правно лице со доминантен државен капитал не може да врши

функција на член на управен одбор или на друг орган на управување во трговско друштво или друго правно лице што се занимава со дејност со која се остварува профит".

Согласно член 43 став (1) од Законот за внатрешните работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/14, 116/14, 33/15, 5/16, 120/16, 127/16, 142/16, 190/16, 21/18, 135/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 108/19, 275/19, 110/21 и 89/22): „Државниот секретар на Министерството го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија, по предлог на министерот, за време од четири години".

Од оваа одредба јасно произлегува дека државниот секретар на Министерството за внатрешни работи спаѓа во категоријата на избрани и именувани лица, за кои важат горецитираните одредби од член 44 ставови (1) и (5) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Државната комисија е на мислење дека државниот секретар на Министерството за внатрешни работи не може да врши функција на член на управен одбор или на друг орган на управување во акционерското друштво кое треба да се основа, ниту да ја спроведе постапката за негово основање.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk